# Правилник за заштита на индивидуалното право на приватност при обработка на личните податоци во рамките на Т-Мобиле Македонија

### Преамбула и објаснувања

(1) Како резултат на зголемената употреба на информатичките и комуникациските системи во секојдневното работење, заштитата на личните податоци на корисниците, продажните партнери, вработените и акционерите стануваат значајна грижа на Т-Мобиле Македонија.

(2) Поради тоа, најважната цел на овој Правилник е да се достигне високо ниво на заштита на личните податоци во Т-Мобиле Македонија во согласност со позитивните прописи на РМ од една страна и истовремено во согласност со регулативата за заштита на личните податоци усвоена од стана на сите членки на ДТ групацијата во светски рамки.

## Прв дел: Делокруг и примена

### § 1 Правна природа на Правилникот

Овој Правилник е акт кој е обврзувачки за членките на целата ДТ Групација во согласност со позитивните прописи на РМ со кои се регулира заштитата на личните податоци. Правилникот се применува при обработката на сите лични податоци на физички лица, особено податоците за корисниците, акционерите, вработените и останати трети лица, договорни страни или деловни партнери.

### § 2 Правни прописи кои треба да се применат

(1) Принципите утврдени во понатамошниот текст имаат за цел да гарантираат идентично високо ниво на заштита на податоци во  Т-Мобиле Македонија кое постои во членките на целата ДТ Групација.  Сепак, овие принципи не ги заменуваат потребните - а таму каде е неопходно - и статутарните услови кои постојат заради овозможување на законска обработка на личните податоци.  Било какви обврски и правила кои важат во Т-Мобиле Македонија за обработката и употребата на лични податоци, а кои ги надминуваат следните принципи или кои содржат дополнителни ограничувања за обработката и употребата на лични податоци, ќе останат неизменети со овој Правилник.

(2) Податоците собрани од страна на Т-Мобиле Македонија мора да бидат обработени според позитивните прописи на РМ, дури и во случај на меѓународен пренос.

(3) Собирањето на личните податоци и преносот на истите до државни органи се врши во рамките на редовни кориснички договорни односи освен кога постапката на собирање и пренос не е изрично утврдена со посебен закон.

(4) Овој Правилник се раководи од соодветните позитивни прописи на РМ.

### § 3 Престанок на важност

Истекувањето или престанокот на важноста на Правилникот - без оглед на времето, околностите и причините - не го ослободува Т-Мобиле Македонија од обврските и одредбите од овој Правилник во однос на обработката на веќе пренесени податоци.

## Втор дел: Принципи

### Член 1
### Транспарентност на обработка на податоци

### § 4 Обврска за информирање

Субјектите на лични податоци мора да имаат едноставен и брз пристап до информациите за обработката на нивните лични податоци, на пример преку објавување на политиката за заштита на личните податоци и овој Правилник на Интернет.

Т-Мобиле Македонија, сите права се заштитени

## § 5 Содржина и форма на информирање

(1) Субјектите на лични податоци треба да бидат соодветно информирани за следното:

а) Идентитетот на контролорот (контролорите) на податоците и детали за контакт.

б) Планираниот обем и цел на собирањето, обработката и употребата на лични податоци. Овие информации треба да вклучуваат и кои податоци се евидентираат и/или обработуваат/користат, зошто, за која цел и колку време.

в) Доколку личните податоци се пренесуваат на трети лица, примателот, обемот и целта на таквиот пренос.

г) Начинот на обработка и/или употреба на податоците, особено доколку истите треба да се обработат или користат во друга земја.

д) Нивните законски права (види Член 7).

(2) Без оглед на избраниот медиум, субјектите на лични податоци треба да ги добијат овие информации на јасен и лесно разбирлив начин.

## § 6 Право на пристап до податоците

Субјектот на лични податоци има право на пристап до податоците од моментот кога податоците првпат се собрани. Ова право може да го реализира со доставување на писмено барање до Т-Мобиле Македонија.

## § 7 Законска обработка на лични податоци; согласност

(1) Податоците смеат да се собираат, обработуваат или користат само доколку постои законска основа или писмена согласност на субјектот на лични податоци, во согласност со одредбите на овој Правилник.

(2) Доколку согласноста од субјектот на лични податоци е неопходна, треба да се почитуваат следниве принципи:

а) Содржина – Согласноста мора да биде експлицитна, доброволна и базирана на информираност на субјектот на лични податоци за целта заради која ја дава согласноста, како и за последиците во случај да одбие да ја даде согласноста. Изјавата за согласност треба да е конкретна и истовремено да го информира субјектот на лични податоци за неговото право да ја повлече својата согласност во било кое време.

б) Форма - Согласноста треба да се добие во форма соодветна на околностите (најчесто во писмена или електронска форма). Во исклучителни случаи, согласност може да се добие усно, доколку изјавата на согласност и посебните околности кои ја гарантираат усната согласност се соодветно документирани.

(3) Обработката на лични податоци без согласност од субјектот е дозволена врз основа на Законот за заштита на лични податоци, при:

1. извршување на договор во кој субјектот на лични податоци е договорна страна или на барање на субјектот на лични податоци, пред негово пристапување кон договорот, или заштита на животот или физичкиот и морален интегритет на субјектот на лични податоци,

2. неопходно исполнување на законска обврска на контролорот, како и законски права и должности на контролорот, трето лице или лица на кои податоците им се откриени, освен ако со тоа се повредуваат слободите и правата на субјектот на лични податоци

3. извршување на работи од јавен интерес или на службено овластување на Контролорот или на трето лице на кое му се откриени податоците.

Личните податоци секогаш се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели.

(4) Преносот на личните податоци е дозволен во случаите наведени во претходниот став, како и кога:

а) преносот е неопходен заради склучување или исполнување на договор склучен во интерес на субјектот на лични податоци, меѓу контролорот и трето лице, или

b) преносот е неопходен заради заштита на јавен интерес или заради заштита на основните слободи и права на граѓаните.

## Член 2
## Употреба за конкретни цели

### § 8 Принцип

Личните податоци нема да се употребуваат за други цели освен за оние за кои податоците првично биле собрани.

### § 9 Забрана за условување

Користењето на услуги или прием на производи или услуги од страна на субјектите на лични податоци не смее да биде условено со согласност за употреба на нивните податоци за други цели надвор од предметот на договорот. Ова ќе се применува само доколку не е можно субјектот на лични податоци да користи слични услуги или производи.

## Член 3
## Посебни случаи на обработка на податоци

### § 10 Директен Маркетинг

(1) Субјектите на лични податоци треба да бидат информирани дека можат, во било кое време, писмено да побараат нивните лични податоци да не се користат за цели за директен маркетинг.Дополнително, тие треба да бидат писмено информирани за намерата и правниот основ за обработка на лините податоци за цели за директен маркетинг.

(2) На субјектите на лични податоци треба да им биде овозможено да го искористат правото да побараат од Т-Мобиле Македонија нивните податоци да не се користат за цели на директен маркетинг секогаш кога ќе добијат директна маркетинг комуникација. Субјектите на лични податоци треба да добијат можност веднаш да одбијат таква комуникација истовремено добивајќи информација за службата до која може да доставаат приговор.

(3) Посебните одредби во согласност со став 2 точка 1 член § 2 од овој Правилник, со кои употребата на личните податоци зависи од согласноста на субјектот на лични податоци, ќе имаат приоритет во однос на други одредби

### § 11 Автоматизирани индивидуални одлуки

(1) Одлуки кои проценуваат индивидуални аспекти на одредени лица и кои може да резултираат со правни последици за нив или кои можат да имаат значителен неповолен ефект врз нив, не треба да се базираат само на автоматската обработка. Ова особено вклучува одлуки за кои се значајни податоците за кредитоспособност, професионална соодветност или здравствена состојба на субјектот на лични податоци.

(2) Доколку, во поединечни случаи, постои објективна потреба за донесување на автоматизирани одлуки, субјектот на лични податоци треба веднаш да биде информиран за резултатот на автоматизираната одлука за да добие можност да вложи приговор во соодветен временски период. Приговорите на субјектот на лични податоци треба да бидат соодветно разгледани пред да се донесе конечна одлука.

### § 12 Посебни категории на лични податоци

(1) Обработката на посебни категории на лични податоци се предмет на изрично законско овластување или претходна согласност од страна на субјектите на лични податоци. Обработката ќе биде дозволена и доколку е потребно да се обработат податоците со цел да се исполнат правата и обврските на Т-Мобиле Македонија како контролор на лични податоци во областа на работните односи, до степен и со соодветни гаранции утврдени со прописите во оваа област.

(2) Пред отпочнување на таквото собирање, обработка или употреба, службата одговорна за заштита на лични податоци на Т-Мобиле Македонија треба да биде соодветно консултирана во писмена форма за сите случаи каде тоа е потребно. Соодветно внимание треба да се посвети на природата, степенот, целта, потребата и правната основа за користење на личните податоци.

## Член 4
## Квалитет на податоците, Рестриктивност во однос на собирање на податоците, одбегнување на непотребна обработка на податоците

### § 13 Квалитет на податоците

(1) Личните податоци треба во секое време да бидат точни, целосни и доколку е неопходно, навремено ажурирани (квалитет на податоци).

(2) Имајќи ги предвид целите за кои податоците се собираат, обработуваат или користат, ќе бидат превземени соодветни мерки за да се осигура дека било какви неточни или нецелосни информации се избришани или, доколку е потребно, корегирани.

### § 14 Рестриктивност во однос на собирање на податоците, одбегнување на непотребна обработка на податоците, анонимизација и псевдонимизација

(1) Личните податоци кои се собираат треба да се соодветни, релевантни и да не се преобемни од аспект на конкретната цел за чија реализација ќе се користат (рестриктивност во однос на собирање на податоците). Податоците се обработуваат во рамките на одредена апликација само тогаш кога е неопходно (одбегнување на непотребна обработка на податоци)

(2) Секаде каде што е можно и економски разумно, треба да се користат процедури за бришење на податоците за идентификација на субјектите на лични податоци (анонимизација) или да се врши замена на податоците за идентификација со други карактеристики (псевдонимизација). Анонимизацијата и псевдонимизацијата треба да се вршат на таков начин што вистинските идентитети на субјектите на лични податоци да не можат да се откријат или можат да се откријат само со непропорционално голем напор.

### § 15 Профилирање, статистички анализи

(1) Потребно е користење на технички и организациони мерки конзистентни со соодветните најмодерни концепти или технологии, кои ќе овозможат профилирањето (на пр. профили на движење, кориснички профили, профили за потрошувачка) да не биде дозволено освен во случаи на постоење на изрично законско овластување или претходна согласност од субјектот на лични податоци.

(2) Овие одредби не важат за чисто статистички анализи или истражувања врз основа на анонимизирани или псевдонимизирани податоци.

### § 16 Архивирање на податоци

Принципите за обработка на лични податоци, и особено принципите за рестриктивност во однос на собирање на личните податоци и одбегнување на нивна непотребна обработка треба да се земат во предвид при дефинирањето на правила за архивирање на податоци. Личните податоци не смеат да се архивираат без изрична согласност на субјектот на лични податоци, освен доколку тоа не се јавува како неопходно од оперативни причини или не претставува законска обврска.

## Член 5
## Забрана за понатамошен пренос

### § 17 Пренос на податоци на трети лица

(1) За пренос на лични податоци на трети лица потребно е да постои законска основа.

Преносот на личните податоци може да се изврши доколку субјектот изрично се согласил да се изврши преносот или кога преносот е неопходен заради спроведување на договор на субјектот на лични податоци и контролорот или спроведување на пред договорни мерки превземени како одговор на барањето на субјектот или заради склучување или исполнување на договор во интерес на субјектот меѓу контролорот и трето лице.

(2) Став 1 не се применува доколку постојат забрани во рамките на земјата, особено заради причини поврзани со безбедноста на земјата, националната одбрана, јавната безбедност или спречување, истражување, откривање и гонење на кривични дела за кои е потребен пренос на лични податоци.

(3) Доколку се врши пренос на податоците во други држави, преносот може да се изврши само доколку другата држава обезбеди соодветен степен на заштита на лични податоци.

### § 18 Одговорност

(1) При преносот на лични податоци на трети лица кои не се државни органи, Т-Мобиле Македонија треба да обезбеди нивна законска обработка или употреба. Исто така, пред преносот на податоците, со примателот треба да се разгледаат и договараат соодветните мерки за заштита  и сигурност на податоците. Во случаи кога се склучени договори со трети лица од земји без соодветни нивоа за заштита на личните податоци, мора да се обезбедат доволни гаранции во врска со заштитата на правото на приватност на поединецот и спроведување на правата поврзани со истото.

(2) Во согласност со општоприфатените стандарди, треба да се преземат законски утврдени технички и организациони мерки, со цел да се обезбеди интегритет и безбедност на податоците во текот на нивниот пренос на трети лица.

### § 19 Обработка на податоци од страна на даватели на услуги

(1) Кога Т-Мобиле Македонија ангажира услуги од давател на услуги, освен договорот за услуги во кој се содржани работите кои треба да се извршат, договорот треба да ги регулира и обврските на давателот на услугите како страна ангажирана во обработката на податоците. Овие обврски ќе ги се дефинираат согласно препораките на Т-Мобиле Македонија (единица за контрола на личните податоци) во врска со видот и начинот на обработка на лични податоци, целта на обработката како и техничките и организационите мерки кои се потребни за заштита на податоците. Реченицата 3 од § 18 (1) од овој Правилник соодветно се применува.

(2) Давателот на услугите нема да ги употребува ниту обработува личните податоци за сопствени потреби или за потребите на трети лица без претходна согласност на единицата за контрола на податоците на Т-Мобиле Македонија. Во вториот случај, горенаведените правила треба исто така да се договорат со таквиот давател на услуги.

(3) Давателите на услуги се избираат според нивната можност за исполнување на горенаведените барања.

## Член 6
## Заштита на податоци, организација и сигурност на податоците

### § 20 Лица надлежни за заштита на податоците

(1) Секоја компанија во рамките на ДТ Групацијата треба да назначи лице надлежно за заштита на личните податоци, чија задача е да обезбеди посебните сектори да добијат совети во врска со статутарните и внатрешните барања за заштитата на личните податоци во рамките на ДТ Групацијата воопшто и политиката за заштита на лични податоци.

(2) Лицето надлежно за заштита на податоците мора да биде вклучено во дизајнирањето на нови производи и услуги уште во раните фази со цел да овозможи истите да бидат во согласност со принципите кои се дефинирани во овој Правилник.

### § 21 Проверки на степенот на заштита на податоците

Проверките на степенот на заштита на податоците (на пр. преку ревизии на заштитата на податоци) треба да се вршат во редовни временски интервали со цел да се изврши ревизија на ефективноста и успешноста на имплементираните технички и организациски мерки за заштита на податоците. Таквите ревизии можат да се вршат внатрешно од страна на лицето надлежно за заштита на податоци или од други организациони единици на кои им е дадена задача за вршење на ревизија, или пак од страна на независна надворешна трета страна за која е добиено одобрение од единицата за контрола на лични податоци. Основа за определување на степенот на заштитата на податоците се барањата на правната и корпоративната политика кои се однесуваат на соодветната организациска единица, како и барањата на овој Правилник.

### § 22 Технички, организациони мерки за вработените

При започнувањето на работата на нововработените во Т-Мобиле Македонија, во писмена форма треба да се договорат соодветни обврски за доверливост.  Исто така, за процесите во Т-Мобиле Македонија и за системите за информатичка технологија потребно е да се воспостават соодветни технички и организациони мерки за обработка на личните податоци наведени во Правилникот за технички и организациони мерки објавен во Службен весник бр. 111/2005 посебно водејќи грижа за;

а) спречување на неовластени лица да добијат пристап до системите за обработка на податоци на кои се обработуваат или користат лични податоци (физичка контрола на пристап до системите);

б) обезбедување системите за обработка на податоци да не можат да се користат од страна на неовластени лица (контрола на забрана за пристап до системите);

в) обезбедување лицата кои се овластени да користат некој систем за обработка на податоци да можат да пристапат само до оние податоци за кои имаат овластен пристап и дека личните податоци, во текот на обработката, користењето или по евидентирањето, не можат да се читаат, копираат, менуваат или бришат од страна на неовластени лица (контрола на пристап до податоци)

г) обезбедување личните податоци да не можат да се читаат, копираат, менуваат или бришат од страна на неовластени лица во текот на електронскиот пренос, транспорт или евидентирање на носач на податоци, како и создавање можност да се испита и утврди каде треба да се пренесат личните податоци со опрема за пренос на податоци (контрола на пренос на податоци);

д) обезбедување можност за ретроспективно да се испита и утврди дали и од страна на кого личните податоци биле внесени, изменети или избришани од системите за обработка на податоци (контрола на внесување на податоци);

ѓ) обезбедување личните податоци кои се обработуваат од даватели на услуги да можат да се обработуваат само во согласност со инструкциите добиени од корисникот (контрола на давател на услуга);

е) обезбедување личните податоци да се заштитени од несакано уништување или губење (контрола на достапност);

ж) гарантирање дека податоците кои се собрани за различни цели можат да се обработуваат одделно (правило за селективност).

## Член 7
## Права на субјектите на лични податоци

### § 23 Право на поставување прашања и право на жалба

Секој субјект на лични податоци има право во било кое време да контактира со единицата надлежна за заштита на лични податоци на Т-Мобиле Македонија или со секторот за заштита на лични податоци на соодветната компанија во рамките на ДТ Групацијата, со прашања и жалби во врска во примената на овој Правилник . Ако не е дополнително поинаку определено, согласно целите на овие одредби, за одговорна компанија се смета секоја компанија која е во договорен однос со субјектот на лични податоци или која ги обработува личните податоци на субјектот на лични податоци. Компанијата со која субјектот на лични податоци контактирал треба да гарантира дека правата на субјектот на лични податоци соодветно се почитуваат од страна на другите одговорни компании.

### § 24 Право на информирање

(1) Секој субјект на лични податоци може во било кое време да побара информации од Т-Мобиле Македонија во врска со следново:

а) дали и кои лични податоци што се однесуваат на него се обработуваат, вклучувајќи ги изворите на лични податоци, кога и како се прибрани и ажурирани,

б) целта и правниот основ на обработката или употребата,

в) корисниците или категориите корисници како и целта и правниот основ поради кои нивните податоци редовно се пренесуваат, особено ако станува збор за пренос на податоци во странство,

г) одредбите на овој Правилник,

д) причините за автоматска обработка на податоците.

(2) Соодветните информации треба да се стават на располагање на барателот во разбирлива форма, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. Генерално, ова треба да се прави во писмена или електронска форма.

(3) Онаму каде што дозволуваат позитивните прописи на РМ, Т-Мобиле Македонија може да наплати надомест за доставување на релевантните информации.

### § 25 Право на приговор/Право на бришење/блокирање на податоци

(1) Секој субјект на лични податоци може да вложи приговор до Т-Мобиле Македонија против користење на неговите податоци, доколку смета дека неговото право по однос на заштитата на личните податоци е повредено.

(2) Ова право на приговор исто така ќе важи во случај кога субјектот на лични податоци претходно дал согласност за користење на неговите податоци.

(3) Оправданите барања за бришење или блокирање на податоци треба итно да се реализираат. Таквите барања се оправдани особено кога престанува да важи законската основа за користење на податоците. Доколку некој субјект на лични податоци има право да бара бришење на неговите податоци, но бришењето на податоците не е можно или за тоа е потребен непропорционално голем напор, податоците се заштитуваат од недозволено користење со блокирање. Притоа, статутарно утврдените рокови за чување на податоците треба да се почитуваат.

### § 26 Право на корекција

Субјектот на лични податоци може во било кое време да побара од Т-Мобиле Македонија да ги корегира личните податоци кои се евидентирани за него доколку таквите податоци се нецелосни или неточни.

### § 27 Право на појаснување и коментари

(1) Доколку некој субјект на лични податоци тврди дека неговите права се повредени како резултат на незаконска обработка на податоци и особено доколку се појави сомневање во однос на почитувањето на одредбите на овој Правилник, Т-Мобиле Македонија треба да даде соодветно објаснување во најбрз можен рок. Во вакви случаи, обете страни треба да соработуваат и да вршат размена на информациите неопходни за утврдување на фактите на случајот.

(2) Единицата за заштита на лични податоци на Т-Мобиле Македонија во соработка со засегнатиот сектор со соодветните прашања мора да ја координира целата релевантна кореспонденција со субјектот на лични податоци.

### § 28 Спроведување на правата на субјектите на лични податоци

Субјектите на лични податоци не треба да се доведат во неповолна позиција заради користењето на овие права. Употребената форма на комуникација со субјектот на лични податоци – на пр. преку телефон, електронски или во писмена форма – треба да го почитува барањето на субјектот на лични податоци, секаде каде тоа е возможно.

## Член 8
## Управување/одговорности во врска со процесот на заштита на лични податоци

### § 29 Одговорност за обработка на податоци

(1) Компаниите членки на ДТ групацијата, во функција на Контролори на лични податоци, се обврзани, директно на субјектите на лични податоци, да им гарантираат усогласеност со барањата за заштита на лични податоци и одредбите на овој Правилник.

(2) Лицето надлежно за заштита на лични податоци во Т-Мобиле Македонија веднаш треба да биде информирано за било какви повреди (вклучувајќи и сомневања за направени повреди и злоупотреби) на одредбите за заштита на лични податоци и одредбите на овој Правилник. Во случај на повреди кои се релевантни за повеќе од една компанија, потребно е да се информира и централниот Сектор за заштита на лични податоци на Групацијата. Лицето надлежно за заштита на лични податоци на Т-Мобиле Македонија треба да го информира Секторот за заштита на лични податоци на ДТ Групацијата и доколку се извршат било какви промени во законите релевантни за компанијата.

(3) Секторите за заштита на лични податоци на посебните компании треба да ги координираат своите активности во рамките на политиката за заштита на лични податоци на Групацијата. Исто така, тие треба взаемно да се поддржуваат и да ги користат постоечките синергии.

### § 30 Координација од страна на лицето надлежно за заштита на лични податоци на ДТ Групацијата

(1) Лицето надлежно за заштита на лични податоци на ДТ Групацијата е задолжено да го координира процесот на соработка и договарање за сите значајни прашања во врска со заштитата на лични податоци. Координативниот комитет на Групација ДТ за заштита на податоци игра улога на координативно тело.

(2) Основна задача на лицето надлежно за заштита на личните податоци на ДТ Групацијата е да подготви и развие политика на Групацијата за заштита на лични податоци. Во склад со ова, службите за заштита на лични податоци на компаниите исто така треба активно да учествуваат во координацијата по ова прашање.

## §31 Надзорни и консултантски задолженија

(1) Лицата надлежни за заштита на лични податоци на компаниите во рамките на ДТ групацијата се одговорни за надзор на усогласеноста со националните и меѓународните прописи за заштита на лични податоци со овој Правилник. Во овој поглед, сите сектори на соодветните компании во рамките на ДТ групацијата се обврзуваат да го информираат соодветното лице надлежно за заштита на лични податоци во врска со соодветните случувања и идни планови.

(2) Во отсуство на законски ограничувања, лицата надлежни за заштита на лични податоци се овластени да вршат испитување на сите техники кои практично се користат за обработка на лични податоци.

(3) Секаде каде е можно и соодветно, во рамките на обврските за надзор, единиците за заштита на лични податоци на компаниите треба да користат идентични механизми во рамките на ДТ Групацијата, на пример единствена форма на ревизии за заштита на лични податоци.

## §32 Обука и обврски на вработените

(1) Вработените во Т-Мобиле Македонија треба да се доволно информирани и обучени во однос на прописите за заштита на лични податоци и примената на овој Правилник. Службата надлежна за заштита на лични податоци периодично ги организира обуките за вработените.

(2) Т-Мобиле Македонија треба, со учество на надлежните служби за заштита на лични податоци, да изготви соодоветни материјали за обука, особено во случај на промена на позитивните прописи или измени и дополнувања на одредбите од овој Правилник.

## §33 Соработка со надзорните органи

(1) Т-Мобиле Македонија е согласен да соработува со надзорните органи на компаниите на ДТ Групацијата или да ги почитува нивните препораки секогаш кога Т-Мобиле Македонија врши пренос на лични податоци во други држави.

(2) Во случај на промена на позитивните прописи на РМ кои се однесуваат на Т-Мобиле Македонија и кои може да имаат значително влијание на одредбите на овој Правилник, Т-Мобиле Македонија има обврска да го извести соодветниот надзорен орган.

## Член 9
## Поими и дефиниции

Сите дефиниции се во согласност со ISO 9000:2000 и ISO 14001:1996 стандардите.

**Автоматизирани индивидуални решенија**

Означува одлуки кои имаат правни дејства спрема субјектот на личните податоци или значително го засегаат субјектот а кои се базираат исклучиво на автоматска обработка на податоци наменети за дефинирање на профилот или оценка на одредени аспекти на личноста на субјектот на лични податоци, како евалуација на работни задачи, кредитна способност, лојалност, однесување, итн.

**Субјект на лични податоци**

Субјект на лични податоци е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци, обработени од страна на Т-Мобиле Македонија.

**Контролор на податоци**

Контролор на податоци е физичко или правно лице, државен орган или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци (во понатамошниот текст: Контролор). Кога целите и начинот на обработка на лични податоци се утврдени со закон или друг пропис, со истиот закон, односно пропис се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**Групацијата ДТ**

Означува Deutsche Telekom AG и сите компании во кои Deutsche Telekom AG директно или индиректно поседуваат повеќе од 50% од акциите или кои се под контрола на истата.

**Обработувач на податоци**

Обработувач на податоци е физичко или правно лице или законски овластен државен орган кое ги обработува личните податоци за сметка на Контролорот;

**Лични податоци**

Личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет;

**Обработка на лични податоци**

Обработка на лични податоци е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање. блокирање, бришење или уништување;

**Корисник**

Корисник е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон. Органите на кои можат да им се откриваат податоците во рамките на посебна истрага, не се сметаат за корисници во смисла на овој закон;

**Посебни категории на лични податоци**

Посебни категории на лични податоци се лични податоци кои го откриваат расното или етничко потекло, политичко, верско или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци што се однесуваат на здравствената состојба или сексуалниот живот.

**Трето лице**

Трето лице е секое физичко или правно лице, државен орган или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, Контролор, обработувач на збирка на лични податоци или лице кое под директно овластување на контролорот или обработувачот на збирка на лични податоци е овластено да ги обработува податоците;

**Збирка на лични податоци**

Збирка на лични податоци е структурирана група лични податоци која е достапна согласно специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

**Согласност на субјектот на лични податоци**

Согласност на субјектот на лични податоци е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели;